# МИХАИЛ ШЕФЕР

## Michael Scheffer

фотографии / fotografie



**АСОЦИЈАЦИИ НАМЕСТО НЕДВОСМИСЛЕНОСТ**
**За делата на фотографот Михаел Шефер**

Михаел Шефер е роден 1953 година во Шмалекалден, Турингија. Поради неговото негативно реагирање по повод инвазијата врз Прага од страна на трупите на Варшавскиот пакт, неговата матура во тогашната Источна Германија (ДДР) имаше малку изгледи да биде завршена со добар успех. Соочен со обврската да бира со што ќе се бави во животот, ученикот Шефер кој беше наклонет кон уметноста и писателскиот занает, мораше да се реши да матурира изучувајќи го занаетот за геомеатар.
По маутурата, Шефер го служеше воениот рок во Народната армија од 1972 до 1974, а потоа три години работеше како шумар во планините Харц. Бидејќи ја имаше поминато неговата младост на село и бидејќи не беше посебно заинтересиран за неговиот занает, ова вработување тој го сфати како прилика да размисли во мир за својата иднина.
По бракот во 1977 г., тој уште еднаш работеше за кратко како геометар, по што се определи за куќните работи и одгледувањето на нивното новороденче ("бебешка година") по завршувањето на платеното отсуство на неговата жена. Токму во тој период од неговата улога на "домаќинка" (1979-80), Шефер започна да се занимава со фотографијата. Семејното опкружување и моменталната фотографија му дадоа основа за неговото откривање на пиктуралниот јазик со кој неговото посакувано уметничко дејствување имаше изгледи за успех.
Тој продолжи да стекнува фотографско искуство под влијание на фото списанијата и неговото автодидактично проучување на фотографската техника.
Шефер се пријави и беше примен на студиите по фотографија на Графичката школа во Лајпциг на отсекот за уметноста на обликувањето на книги, приложувајќи го своето прво тематско дело составено од серија портрети на жителите на Росдорф, градот на неговото детство. Во Лајпциг, тој студираше кај Арно Фишер од 1982 до 1987. Во конфронтација со неговото ново искуство на живот во градот, тој разви една голема серија фотографии од Лајпциг со којашто и дипломираше во 1987.
Со ова дело наречено "Град", Шефер на повеќе начини и се спротивстави на фотографската традиција на ДДР. Неговата метода на претставување повеќе не беше ограничена на прецизно предавање на стварноста, а радикално личната перспектива го определи и приодот кон објектот на претставување.
Во 1992, Улрих Демроз ретроспективно го карактеризираше фотографското дело на младата генерација на ДДР на следниов начин: "Со потребно негирање на микрокосмосот на индивидуалната слика, тие развија еден погласен

на микрокосмосот на индивидуалната слика, тие развија еден погласен, поагресивен и попросторен јазик што ги отфрли сите конвенции".
Формата на претставување на Шеферовите дипломски дела се бавеше со "опросторувањето". За структурата на делото, којашто е поделена во тематски поглавја, фотографот одбра екстремно големи формати, иако формата на гледање беше базирана на идејата за вртење страници. Давајќи им на неговите дела таква форма, Шефер ја испитуваше не само вообичаената употреба на фотографијата во книгите и списанијата, туку и нивното поединечно претставување на изложбите. Истовремено, единствениот карактер на фотографската слика беше нагласен во овие "книги". Според неговото кажување, определувањето за монументален формат на книга беше исто така и реакција "на доминацијата на сликарскиот оддел на Академијата". Резултатот е одраз на фундаменталното преиспитување на позицијата на фотографското уметничко дело. Оттогаш ова прашање на релативната важност на фотографијата го насочуваше делото на Шефер и неговата лична мотивација. Тој решително се спротивставува на репетитивноста, претпочитајќи ја наместо тоа апстиненцијата од создавање на фотографски дела.
Сликите од 1990/91 кои се претставени на оваа изложба, првпат беа објавени во 1991 под наслов "Покривка и овошје. Атлас". Овој наслов ја опишува активноста на фотографот како собирач. Случајно дадените имиња извлечени од широкиот спектар на неговите фотографски мотиви, добиваат асоцијативни димензии преку студијата на серија слики. Оваа "колекција" не е тематски ограничена. За Михаел Шефер нема *a priori* констелација на постоечки свет што не може да се фотографира. Неговото фото-фрагментирање на реалноста се развива од ситуации што го ангажираат емотивно. Шефер не влегува во тој процес со идеја за некој "специјален момент" којшто се кристализира од појавноста, туку напротив со забележената способност да поетизира.
Во контраст со форматите од претходната серија "Град", овие црно/бели слики се поставени на откината, тесна (8,5x26,5см.) фотографска хартија. Без разлика дали на нив се наоѓа кадифено мече, јато птици, цвет или можеби покривка или лик (во или вон фокус и во тотал или во стеснета перспектива) овие фотографски реализирани перцепции на различни субјекти се обединети по пат на набљудување кое што секогаш ја зема во предвид сликата како една и единствено можна интерпретација на нечие опкружување. Тој оперира во спектрумот на можности на фотографскиот ангажман на еден неортодоксен начин, диктиран од неговата лична возбуда, афинитет, збунетост или блискост со светот што му е на дофат.

Уте Ескилдзен

**Музејот на современата уметност**
Ве поканува на отворањето на изложбата на фотографии на

# МИХАИЛ ШЕФЕР

МСУ, вторник 17. 12. 2002, во 20 часот.

Изложбата на ИФА институтот од Штутгарт е реализирана во соработка и со помош на Гете институтот и Германската амбасада.

Музеј на современата уметност, п.ф.482, 1000 Скопје, т. (02)117.734/5
ф.(02) 110.123 ел.пошта: moca@sonet.com.mk
Museum of Contemporary Art, POBox 482, MK-1000 Skopje, t. +38.92.117.734, f.+38.92.110.123 e-mail: moca@sonet.com.mk